5. На корисниците на стипендијата целосно ќе им бидат покриени трошоците за студирање (уписнина) и месечна стипендија согласно Решението за утврдување на висината на стипендијата донесено од Министерот за образование и наука).

6. Документите кои се издаваат од институциите од другите земји потребно е да бидат преведени од овластен судски преведувач.

7. Потребните документи за доделување на стипендија за студии од втор циклус во странство може да се доставуваат во оригинал или копии заверени на нотар.

8. Рокот за пријавување на кандидатите за користење на стипендии за студии од втор циклус е 90 дена од денот на објавувањето на конкурсот.

ПОТРЕБНИ ДОКУМЕНТИ:

- уверение за постигнатиот успех од студиите од прв циклус;
- потврда дека кандидатот е запишан првпат во прв семестар на студии од втор циклус во академската 2010/2011 година, од кога започнува семестарот и колку семестри траат студиите;
- потврда за познавање на јазикот (TOEFL, IELTS, DELFT или нивен еквивалент за соодветното јазично подрачје);
- изјава дека не е корисник на стипендија за студии од втор циклус од други даватели (заверена на нотар).

Потребните документи по Конкурсот се поднесуваат исклучиво лично во Министерството за образование и наука.

Некомплетните документи и документите доставени по изминатиот рок на Конкурсот нема да се примаат.

Пријавата по Конкурсот со упатството за потребната документација која треба да ја приложат во врска со Конкурсот, заинтересираните лица можат да ја подигнат во Министерството за образование и наука или на Сајтот на МОН www.mon.gov.mk

Министерство за образование и наука
Ул.„Мито Хаџивасилев-Јасмин„ бб
(Зграда на Нова Македонија 14 кат)
1000 Скопје

Информации за условите и критериумите под кои ќе се доделуваат стипендиите можат да се добијат во Министерството за образование и наука или на телефон 3140-183.